

# Уметноста на Димитрова во њујоршките весници

Критики за изложбата „Глобални феминизми“, на која свое дело изложи и нашата уметница Искра Димитрова, деновиве беа објавени во неколку престижни весници во Њујорк, меѓу кои „Њујорк тајмс“, „Д Њујорк сан“, „Сити џурнал“ и други. Изложбата, отворена во Бруклинскиот музеј во американската метропола, привлече големо внимание. Ликовните критичари во своите текстови обрнале внимание и на уметничкото дело на Димитрова.

Даниел Куниц во весникот „Д Њујорк сан“, меѓу другото, ја цитира Димитрова:

„Не можам да кажам дека мојот идентитет, како жена, е директен субјект во мојата работа“. Истата реченица ја пренесува и Кеј С. Химович во текстот под наслов „Бруклинскиот музеј повторно напаѓа“, во весникот „Сити џурнал“. Тој ја цитира реченицата на „македонската уметница Искра Димитрова во текстот што е надвор од нејзината инсталација“.

Во рамките на изложбата „Глобални феминизми“ свои дела претставуваат уметници од над 50 земји од целиот свет.